**Техничка помош за формирање на Дирекција за заштита на лични податоци и спроведување на принципите за заштита на податоци**



# Водич за заштита на личните податоци

**(текстот е превземен од европскиот надзорен орган за заштита на податоци)**

Technical Assistance to the Establishment of a Directorate for Personal Data Protection and Enforcement of the Data Protection Principles.
An EU-Funded Project Managed by the European Agency for Reconstruction

Техничка помош за формирање на Дирекција за заштита на лични податоци и спроведување на принципите за заштита на податоци.
Проект финансиран од ЕУ раководен од Европска Агенција за Реконструкција

*Секоја институција обработува лични податоци,*

*тие би можеле да се Вашите ...*

**Клучни зборови**

- *Лични податоци* - било која информација поврзана со идентификувано лице или лице кое може да се идентификува, директно или индиректно, особено со повикување на бројот на идентификација. На пример, таква информација може да биде: Вашето име, датумот на раѓање, телефонскиот број, биометриски податоци, здравствени податоци, професионални детали итн.
- *Обработка* - било каква активност извршена врз личните податоци, на или без автоматски начин: прибирање, снимање, промена, консултација, откривање итн.
- *Контролор* - тоа е институција или тело (на пр. Комисија, Парламент, Совет или Агенција), или Директорат, одделение или било кој друг субјект кој делува во нивно име, што ги определува целите и средствата за обработка на податоците.

**Регулатива (ЕС) бр. 45/2001**

Регулативата (ЕС) бр. 45/2001 (OJ L 8, 12.1.2001) го имплементира членот 286 од договорот на Советот на Европа со обезбедување на законска рамка за обработка на личните податоци од институции и тела на Заедницата.

**Европски надзорен орган за заштита на податоци (EDPS)**

Европскиот надзорен орган за заштита на личните податоци е независно тело одговорно за набљудивање и обезбедување примена на Регулативата (ЕС) бр. 45/2001 и било кој друг акт на Заедницата поврзан со заштита на личните податоци.

Европскиот надзорен орган ги советува институциите и телата на Заедницата, како и субјектите на личните податоци, за било кој проблем поврзан со обработката на личните податоци.

**Службени лица задолжени за заштита на личните податоци**

Регулативата (ЕС) бр. 45/2001 утврдува дека треба да има службени лица задолжени за заштита на личните податоци во секоја институција и тело на заедницата. Овие службени лица, задолжени за заштита на личните податоци, обезбедуваат примена на Регулативата, и се грижат правата и слободите на носителите на податоци да не бидат злоупотребени од оние кои ги обработуваат.

**Вашите права**

*Дали имам право да знам дека институциите и телата на Зедницата обработуваат податоци кои се однесуваат на мене?*

Да. Контролорот мора да им обезбеди информации на субјекти на податоците, однапред или што е можно побрзо откако податокот е регистриран, а кои се однесуваат на:

- Идентитетот на контролорот,
- Целта на обработката
- Примачот на податоците
- Правата на субјектите

*Дали имам право да ги проверам податоците кои се однесуваат на мене, а кои ги обработуваат институциите?*

Имате право, бесплатно да го добиете следното од контролорите:

- Пристап до Вашите лични податоци и извесни податоци кои се однесуваат на обработката,
- Корегирање на неажурирани или нецелосни податоци,
- Блокирање на податоци кога нивната точност е оспорена,
- Бришење на податоци каде обработката е незаконска,
- Известување за секое бришење, корегирање или блокирање на Вашите податоци кон трето лице на кого податоците му биле приложени.

*Дали имам право да приговор на обработката на моите податоци?*

Имате право во секое време да приговорите на обработка на податоците кои се однесуваат за Вас, доколку за тоа постојат сериозни и легитимни основи.

Исто така, имате право да бидете информирани, пред Вашите податоци за прв пат да им бидат ставени на располагање на трети лица, или пред тие да ги користат во нивно име за целите на директен маркетинг. Имате право да го одбиете споделувањето на Вашите податоци или нивната употреба.

*Што треба да направам во случај на проблем?*

- Прво, бидете сигурни дека Вие ги остварувате Вашите права во институциите и телата на Заедницата, одговорни за обработка.
- Доколку недобиете одговор или доколку не сте задоволни, стапете во контакт со службените лица задолжени за заштита на податоци во соодветните институции и тела на заедницата (листа на лица задолжени за заштита на податоци може да се најде на веб страницата на Европскиот надзорен орган; види подолу)
- Можете исто така да поднесете жалба до Европскиот надзорен орган, кој ќе го испита Вашето барање и ќе ги примени неопходните мерки.
- Одлуките од Европскиот надзорен орган може да се обжалат пред Судот на правдата на Европските заедници.

**Контакти на Дирекцијата за заштита на личните податоци**
**адреса: Самоилова 10, 1000 Скопје**
**телефон: 00 389 (0)2 3244 760**
**факс: 00 389 (0)2 3244 766**
**e-mail : info@dzlp.gov.mk**
**Web site: www.dzlp.gov.mk**